Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-5170/2
11.07 2023 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва, член 20 од Статутот (Пречистен текст) бр.02-7727/2-1 од 14.11.2022 година на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), акционерите на Друштвото на акционерско Собрание за одржано на 11.07.2023 година, ја донесоа следната:

# ОДЛУКА

**за отпочнување на постапка за статусна промени - присоединување**

1. Собранието на акционери на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп одлучи да отпочне постапка за статусна промена - присоединување на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје, како друштво што се присоединува, кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, како друштво што презема.

2. Присоединувањето на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје ќе биде извршено во согласност со позитивните прописи, со пренос на целокупниот имот и обврски на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје, како последица на што Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје како друштво што се присоединува ќе престане да постои, без спроведување на ликвидација, во замена за акции на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, како друштво што презема.

3. Акционерот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп

Pursuant to Article 383 of the Law on Trade Companies, Article 20 of the Statute (revised version) no. 02-7727/2-1 as of 14.11.2022 of the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group (hereinafter referred to as "The Company"), the shareholders of the Company at their General Meeting held on 11.07.2023 has adopted the following

# RESOLUTION

**for initiation of status change / reorganization – accession procedure**

1. The shareholders meeting of the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group has decided to initiate a status change or reorganization – accession of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje as Company subject to accession, to the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje - Vienna Insurance Group as acquiring Company.

2. The accession of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje shall be carried out in compliance with the statutory regulations and by transferring the entire assets and liabilities of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje, as a consequence of which the Stock Company for Insurance WINNER - Vienna Insurance Group Skopje as a company subject to accession will cease to exist without conducting a liquidation procedure, in exchange for shares in the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group as the acquiring Company.

3. The shareholder of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group

Скопје ќе добие акции од Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, во соднос пресметан во согласност со позитивните прописи и утврден во Спогодбата за присоединување.

Skopje shall acquire shares in the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group in the calculated proportion according to the statutory regulations and the Accession Agreement pertinent to the established provisions thereon.

4. Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, за целите на размената, ќе ја зголеми основната главнина со издавање на акции преку приватна понуда, во согласно со позитивните прописи за статусни промени - присоединување.

4. For the purpose of the transfer, the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group shall increase the core/charter capital by issuing shares by private placement in compliance with the statutory regulations related to the status change – accession.

5. Со цел да се спроведе постапката за статусна промена - присоединување, се овластуваат Управниот одбор и Надзорниот одбор на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп да договорат и склучат Спогодба за присоединување која ќе ги содржи податоците предвидени во Законот за трговските друштва.

5. In order to carry out the status change or reorganization – accession, the Management Board and the Supervisory Board of the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje - Vienna Insurance Group shall be authorized to agree and conclude an Agreement of Accession setting out there in provisions stipulated by the Trade Companies Law.

6. Спогодбата за присоединување ќе стане полноважна по прифаќање и одобрување на истата од страна на Собранието на акционери на двете друштва за осигурување, а по претходно добиена дозвола за статусна промена од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија.

6. The Agreement of Accession will become valid after its acceptance and approval by the General Shareholder Meeting of the two insurance companies, and after previously obtained permission for status change by the Insurance Supervision Agency of the Republic of North Macedonia.

7. Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп ќе поднесе барање до Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија за добивање на дозвола за статусна промена - присоединување на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје, заедно со целокупната потребна документација согласно позитивните прописи

7. The Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group shall provide the Insurance Supervision Agency of the Republic of North Macedonia with a request for an approval of permission on the status change – accession of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje, supported by a whole set of necessary documents in accordance with the statutory regulations.

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија.

8. This Resolution shall be delivered to the Insurance Supervision Agency of Republic of North Macedonia.

9. Оваа Одлука ќе се објави преку Системот за електронски информации за котирани акционерски друштва на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

9. This Resolution shall be announced via the System for Electronic Information from listed companies on the Macedonian Stock Exchange SC Skopje.

10. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страна на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп.

10. This Resolution shall be announced on the official website of the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group.

11. Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

11. This Resolution shall come into force on the date of its approval and adoption.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe е мнозински акционер во Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп и единствен акционер во Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп.

Со цел да се зголеми ефикасноста и ефективноста на работењето и да се постигне максимална оптимизација на пазарниот удел во Република Северна Македонија, да се унапредат ресурсите и да се унапредат оперативни процеси, се отпочнува постапка за интеграција на двете друштва за осигурување. Видот на статусната промена која се предлага е присединување на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, со пренос на целиот имот и обврски на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, без да се спроведе ликвидација,

## EXPLANATION

VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe is a majority shareholder of the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group and the sole shareholder of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje.

For the purpose of increasing the effectiveness and efficiency of the operations and attaining its optimal market share in Republic of North Macedonia, developing resources and operating processes, the process of integration of these two insurance companies has been initiated. The form of status change or reorganization that is suggested is an accession where the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje is acquired by Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group by transferring the entire assets and liabilities of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje, without conducting a liquidation procedure, in exchange for shares in the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group, in

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

во замена за акции на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп, во согласност со позитивните прописи за статусни промени.

compliance with the statutory regulations related to status change.

Во согласност со член 517 од Законот за трговските друштва, акционерот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп ќе добие акции од Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА - Виена Иншуренс Груп, во сооднос кој ќе се пресмета во согласност со позитивните прописи и ќе биде предмет на ревизија од овластен ревизор дали индексот на размена на акциите е праведен и разумен. Со цел да се обезбедат акции на акционерот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп, Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп ќе ја зголеми основната главнина и ќе издаде акции преку приватна понуда во согласност со позитивните прописи кои се однесуваат на статусни промени.

Pursuant to the Article 517 of the Law on Trade Companies, the shareholder of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje shall receive shares from the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group in calculated proportion in accordance with the statutory regulations and shall be subject to a audit by a certified auditor stating their opinion on whether the exchange rate is fair and reasonable. In order to provide shares to the sole shareholder of the Stock Company for Insurance WINNER – Vienna Insurance Group Skopje may acquire shares, the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje – Vienna Insurance Group shall increase the core/charter capital by issuing shares by private placement in compliance with the statutory regulations related to the status change – accession.

Поради целите на присоединување, се овластуваат Надзорниот одбор и Управниот одбор на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп да преговараат и склучуват спогодба за статусни промени - присоединување во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва.

For the purpose of accession, the Supervisory Board and the Management Board of the Stock Company for Insurance and Reinsurance MAKEDONIJA Skopje - Vienna Insurance Group shall be authorised to negotiate and conclude an Agreement of status change - accession in compliance with the provisions laid down by the Law on Trade Companies.

Во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурување, статусната промена - присоединување е предемет на обезбедување на дозвола која ја издадава Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија. Спогодбата ќе стапи во сила по одобрување на акционерите на двете друштва за осигурување, а по претхода дозвола од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија.

Pursuant to the provision of the Insurance Supervision Law, status change – accession is subject to approval and permission issued by the Insurance Supervision Agency of Republic of North Macedonia. This agreement shall come into effect after the approvals are given by the shareholders of the both insurance companies and upon consent issued by the Insurance Supervision Agency of Republic of North Macedonia.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Following the above explanation, the Resolution is made thereupon.

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

| | |
|---|---|
| АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ | SHAREHOLDERS MEETING |
| **Претседавач** | **Chairman** |
| **Ангел Шојлев** | Angel Shojlev |

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP
-Виена Иншуренс Груп-

Stock Company for insurance and reinsurance MAKEDONIJA Skopje
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP
-Vienna Insurance Group-